Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 06.02.2021

Полициски службеници од СВР Куманово на 05.02 презедоа мерки и активности во рамки на засилените контроли за санкционирање на возачи што возат со брзина поголема од дозволената и на територијата на Крива Паланка санкционираа 46 возачи кои управувале возила со брзина поголема од дозволената.Од сообраќај се исклучени и 7 возила поради други прекршоци.

На 05.02.2021 во 08.30 часот на подрачје на Гостивар, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода К.П.(48) од Гостивар бидејќи кај него била пронајдена прашката материја. По документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.02.2021 во 23.35 часот на подрачје на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода С.И.(28) и В.П.(39) двајцата од Скопје бидејќи кај нив била пронајдена прашката материја. По документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.02.2021 во 12.55 часот во Полициска станица Центар, А.Е.(44) од Скопје пријавил дека на ул.Кеј Димитар Влахов бил каснат од куче скитник.

На 05.02.2021 во 09.30 часот во Полициска станица Гази Баба, М.Ј.(56) од Скопје пријавил дека на ул.Коце Металец бил каснат од куче скитник.

На 05.02.2021 околу 10,30 часот на регионален пат Р-1310 во с.Подареш, велосипедистот Т.Д.(35) од Радовиш изгубил контрола над велосипедот и паднал на коловозот. По незгодата од доктор во Клинички центар Штип на велосипедистот му се констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Радовиш.

На 05.02.2021 во 07.00 часот на подрачје на Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода С.Б.(31) бидејќи кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.02.2021 во 07.15 часот во с.Требош, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Б.С.(30) од с.Требош бидејќи кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (05.02.) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 287 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 30 санкции, 16 за технички неисправни и нерегистрирани возила, 19 мерки за користење на мобилен телефон. Изречени се 20 санкции за возење под дејство на алкохол, 11 мерки за непочитување на брзина на движење, 10 за некористење на сигурносен појас, 11 за непрописно престројување на возила и 83 санкции за непрописно паркирање.

На 05.02.2021 во 12,00 часот во Скопје на ул.„Тодор Чангов" патничко моторно возило „фолксваген поло" со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.И.(77) од Скопје удрило во велосипед, управуван од Д.И. (69) од Скопје. По незгодата Д.И. бил пренесен во Комплекс клиники„Мајка Тереза" каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен е увид на местото на настанот.

На 06.02.2021 околу 08.30 часот во тетовско Слатино, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 31-годишниот Б.С., кај кого при извршен претрес била пронајдена марихуана. Тој е задржан во ПС Тетово за документирање на случајот и ќе му биде изготвена кривична пријава.

На 05.02.2021 година, при претрес во домот на Н.И.(37) од Дебар, полициските службеници пронајдоа и одзедоа марихуана. Тој е приведен и против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.02.2021 полициски службеници од ОКР Кисела Вода ги приведоа Ф.Г. (20) и В.С. (20) од Скопје поради основано сомнение дека на 26.01.2021 извршиле разбојништво над З.Ц., доставувач во правно лице и му одзеле пари. Во службениот разговор, приведените го признале делото и против нив ќе биде поднесена кривична пријава.
На 05.02.2021 полициски службеници од ОКР Кисела Вода ги приведоа Е.Д. (21) и Џ.И. (19) поради основано сомнение дека истиот ден извршиле „тешка кражба" во куќа на ул. Драга Стојанова и украле пари, накит и мобилен телефон. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена кривична пријава.

На 05.02.2021 околу 18,50 часот во СВР Штип било пријавено дека на ул. „Генерал Михајло Апостолски" во Штип, М.Н.(40) од Скопје, била физички нападната од едно лице при што и биле одземени пари и предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.02.2021 околу 20,45 часот во с.Јурумлери, скопско лишени од слобода се Р.Н.,Ф.Н.(29) и Д.Ѓ., сите од Скопје бидејќи во угостителски објект во с.Јурумлери физички нападнале полициски службеници кои вршеле службени дејства. По документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.02.2021 во 12.50 часот во СВР Скопје е пријавено дека во Градската општа болница „Св. Наум Охридски" е донесен повреден Ј.И.(44) од Куманово, по чие кажување околу 12.30 часот се повредил додека извршувал работни задачи како градежен работник во објект на ул.Филип Втори Македонски. Од доктор му се констатирани тешки телесни повреди. На местото на настанот излегле полициски службеници од СВР Скопје и известен е Државен трудов инспекторат.

На 05.02.2021 во 04.15 часот во СВР Скопје, Д.Ј.(39) од с.Ново Село,скопско пријавил дека во 04.00 часот во чекална на Меѓународна автобуска станица во Скопје бил физички напднат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.02.2021 во Полициско оддделение Шуто Оризари, Е.С.(41) од Скопје пријавил дека на 04.02.2021 околу 22.00 часот пред казино на подрачје на Шуто Оризари бил физички нападнат од А.И.(21) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

На 06.02.2021 во 01.10 часот во СВР Скопје, М.М. пријавил дека во близина на маркет на подрачје на Гази Баба, С.Ѓ.(54) од Скопје бил физички нападнат од А.Ш.(20) и Н.Р.(29) двајцата од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

На 05.02.2021 во 23,30 часот во СВР Куманово, С.И.(41) од Куманово пријавила дека околу 21,00 часот во Куманово нејзиниот син бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.02.2021 во СВР Битола од доктор од Итна медицинска помош Битола било пријавено дека во Клиничка болница Битола бил пренесен повреден Д.К.(27) од Скопје, при што по сведочење на З.К.(34), Д.К. паднал од скеле додека извршувал работни задачи на објект во фаза на изградба во Битола. Во Клиничка болница Битола од доктор му биле констатирани тешки телесни повреди. За настанот е известен јавен обвинител и трудов инспектор. Извршен е увид.

На 05.02.2021 околу 21.30 часот во СВР Битола било пријавено дека пред казино во Македонски Брод, по претходна расправија М.Т. бил физички напднат од Ж.Б. и Д.Р. од Македонски Брод. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.02.2021 во 11.15 часот во Полициска станица Кочани, Ф.К.(48) од Кочани пријавил дека околу 11,00 часот во Кочани по претходна расправија бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу пријавителот и Џ.К.(51) од една страна, и Т.А.(44) и К.А.(25) од Кочани, од друга страна. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.02.2021 во 22.30 часот во Тетово е лишен од слобода Д.С.(40) од Тетово постапувајќи по претходна пријава во 21.40 часот од М.Џ.(33) од Тетово дека околу 20.30 часот пред сендвичара во Тетово нејзиниот син бил физички нападнат од Д.С. По документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.02.2021 во 10.40 часот во с.Камењане од полициски службеници од СВР Тетово е лишен од слобода Б.О.(25) од с.Камењане, постапувајќи по претходна пријава на 04.02.2021 во 23.55 часот дека во Клинички центар-Тетово била донесена со повреди 30- годишна жена од с.Камењане која била физички нападната од нејзиниот сопруг Б.О. По документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.02.2021 на подрачје на Карпош од полициски службеници од СВР Скопје е приведен Д.Т. постапувајќи по претходна пријава околу 17,45 часот од С.А.(24) од Скопје дека Д.Т., со кого била претходно во врска, и одземал предмети и на неа и нејзини роднини им се заканувал со пиштол.Од полициските службеници е пронајден и пиштолот и по документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет